Врз основа на член 84 став 1 од законот завработување и осигурување во случај на невработеност (Сл.весник на РМ бр.37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 154/15, 27/16 и 119/16) и Апликационен формулар бр.03-1383/1 од 30.07.2024 година, по Програма за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Општина Босилово објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

За работно ангажирање на невработени лица за јавни работи

1.Општина Босилово има потреба од работно ангажирање на 30 (триеесет) работници за времетраење од 30 работни дена за извршување на јавни работи, одржување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина и природата на локално ниво.

2.Право да се пријават имаат евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица и други лица од евиденцијата на невработени.

За време на ангажирањето на лицата ќе се обезбеди финансиска поддршка, односно надоместок од 800 денари по ангажирано лице – дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинетот со повреда на работа и професионална болест.

Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу општината и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и невработените лица.

3. Заинтересираните невработени лица да се пријават во Агенцијата за вработување на РСМ, Центар за вработување Струмица, најдоцна до 17 Октомври 2024 година.

Бр. 03-1927/1
04.10.2024г.

Општина Босилово